***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ***

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.02.2026** година до **28.02.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **8.799.134 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 166.997 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 361.121 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 1.679 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци на имот | 105.049 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | 779.618 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 7.464 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 569.000 денари |
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 51.690 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.051.593 денари |

| | |
|---|---|
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за истакнување на рекламни објави и огласи на јавни места, за користење на музика во јавни локали и за користење на плоштад и др. | 117.585 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 823.635 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи | 51.194 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 117.496 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината, 2 % од наплата на премии за каско и одговорност и надоместоци за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта | 113.713 денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | 907.863 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.573.437 ден. по основ на 6% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% | 3.573.437 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.02.2026** година до **28.02.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **8.123.174 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | 3.231.055 денари |
| Исплатен надомест на советниците за еден месец | 319.749 денари |
| Исплатен надоместок за 2(два) месеци за храна на вработените во ТППЕ трета смена | 79.847 денари |

| | |
|---|---|
| Исплатени се четири решенија од постојаната резерва(непредвидливи расходи) од кои две за болничко лекување, едно за незавидна финансиска состојба и едно решение кон здружение донесени од страна на Советот на општината | 40.833 ден. |
| Исплатени се 20.145 ден. за дневници во земјата за м.11/2025 год. на Градоначалникот и администрацијата, за 20.000 ден. е извршено надополнување на VISA картичката на општината за претстојно патување во странство и 8.436 ден. за услуги за сместување на гости. | 48.581 денари |
| Платено е дел од доставените фактури за ел.енергија и ул.осветлување за м.01/2026 сума од 178.632 ден., за телефонски услуги,интернет и др.услуги 5.829 ден., за горива и масла 49.099 ден.,за поштенски услуги платено е 11.725 ден. и 10.579 ден. за регистрација на моторни возила | 255.864 денари |
| 16.500 ден. за претплата на весници и билтени, 100.487 ден. за материјали за ул.осветлување и 23.350 ден. за материјали за специјални намени - огномет | 140.337 денари |
| 23.010 ден. за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, 230.501 ден. за поправка и сервисирање на возила, 400.000 ден. за крпење на ударни дупки и 4.720 ден. за услуги за обезбедување на објекти | 658.231 денари |
| 40.493 ден. за ветеринарни услуги – заловување на кучиња, 5.464 ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, 91.380 ден. за услуги за копирање и печање, 7.800 ден. за правни услуги, 2.032 ден. за користени услуги од АКН, 6.000 ден. за судска такса, 5.126 ден. за осигурување на моторни возила и 694.548 ден. – услуги за новогодишно украсување | 852.843 денари |
| 159.585 ден. за др.оперативни расходи - уплати на VISA картичката за поднесување на годишните сметки на општината, за патување во странство и подигање на готовина за потребите на општината, 37.105 ден. за објава на огласи, 65.872 ден. за учество на семинари на вработените во општината и 53.675 ден. за репрезентација | 316.237 денари |
| 271.820 ден. буџетско учество се префрлени на донаторската сметка – ЛАНДС, 177.118 ден. се исплатени кон Пакомак, согласно склучен договор за доделување на зелени поени за собрано шише, 3 решенија од по 10.000 ден. субвенции за семејства со лица со попреченост, 2 од по 10.000 ден. за болничко лекување, 1 решение од 15.000 ден. за првородено дете во годината, 5 решенија од по 7.000 ден. се исплатени за новородено дете, 2 решенија од по 45.961 ден. се исплатени за смрт на родител на вработени лица, исплатено е решение од 15.000 ден. за фаќање на Светиот крст и исплатени се 50.000 ден., согласно склучен Договор со Самостоен уметник Алачки. | 718.639 денари |

| | |
|---|---|
| 400.000 ден. се платени по доставена ситуација за реконструкција на ул.Ј.Сандански во с.Русиново, 250.000 ден. по доставена ситуација за одведување на отпадни води од ул.1 Мај во Берово, 369.387 ден. дел од ситуација за реконструкција на ул.Г.Делчев во с.Ратево, 131.644 ден. дел од обврска за изготвена експертиза за санација на Градски пазар во Берово, 219.224 ден. за изградба на водовод во с.Ратево и 90.703 ден. за подготвување на проекти за улици. | 1.460.958 денари |

Бр.05-101/3
05.03.2026 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
БЕРОВО